*д-р Светозар **НАУМОСКИ***

# ПРЕДИЛИНДЕНСКИТЕ ВООРУЖЕНИ СУДИРИ ПОМЕЃУ СИЛИТЕ НА МРО И ОСМАНЛИСКАТА ВЛАСТ ВО ОХРИДСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН РЕОН (1902-1903)

Со формирањето на првата чета на МРО (Македонската револуционерна организација) во Охридско, што било направено на 24 јуни (7 јули нов стил) 1901 година во просториите на манастирот "Света Петка" во непосредна близина на селото Велгожди-Охридско,[1] настанал преломен момент во револуционерната дејност на Организацијата во Охридскиот револуционерен реон. Со овој револуционерен чин,[1a] Охридската организација на МРО преминала на повисок степен од својот развиток, [2] зошто формирањето на првиот вооружен одред во реонот и овозможувал на организацијата на МРО во Охридско да извршува и посложени револуционерни задачи, како на пример: ликвидирање на шпионите на османлиската власт чии што предавства предизвикувале судири на МРО со османлиските воени сили и при тоа и биле нанесувани тешки удари на МРО, потоа да врши непосредна заштита на населението од нападите на разбојничките банди, на чии што грабежи и терор било изложено посебно македонското население во Охридско-струшкиот

[1] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.), по спомени на Иванъ Поповъ, Смиле Войдановъ , Деянъ Димитровъ, Никола Митревъ. Съобщава Л.Милетичъ, София, 1926, стр. 71-72; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), Скопје, 1981, стр. 379.

[1a] Околу датата на формирањето (посветувањето) на првата чета на МРО во Охридско, постојат различни податоци. Така, според Ан. Кецкаров посветувањето на четата било извршено на 23 јуни (стар стил) 1901 година (Ан. Кецкаровъ, Предчеи на Революционата организация въ Охридско, Ил. Илинденъ, София, 1936, кн. 1(71), стр. 15). Во врска со ова прашање (датата на посветувањето) ја прифаќаме констатацијата на д-р Димитар Димески, дека "сепак многу е пореална наведената дата на Дејан Димитров (се однесува на датата 24 јуни (стар стил) 7 јули (нов стил) 1901 година-С.Н.), едно поради тоа што тој лично бил учесник во настанот, а Кецкаров не бил - и второ, од конспиративни причини групата Охриѓани најверојатно тргнала на Иванден, бидејќи во спротивен случај ќе го привлечела вниманието на османлиските власти" (Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот..., стр. 379-380).

[2] Христо Андонов-Полјански, Драмата во Цер, Скопје, 1968, стр. 32.

регион, како и одбрана на населението од грубите и незаконски напади од страна на поедини претставници од османлиската власт.

Формирањето на првата вооружена чета на МРО, а наскоро потоа и на други вооружени чети на Организацијата во Охридско, не и останало непознато на османлиската власт. Тоа ја принудило турската власт да биде попретпазлива, како и да презема мерки за гонење и уништување на четите на МРО. Ова, несомнено и покрај претпазливоста на Организацијата, морало да доведе до провали и до вооружени судири помеѓу четите и органите на османлиската власт.

Првиот вооружен судир помеѓу првата вооружена чета на МРО во Охридско, на чие чело како војвода во тоа време бил македонскиот револуционер и социјалист Никола Петров Русински, со османлиската власт, се случил на 27 март (9 април нов стил) 1902 година во планината над селото Лактиње[3]. Четата се наоѓала на една од своите рутински обиколки низ селата на Дебарца. Ноќта спроти 9 април четата преноќила во селото Лактиње, а утрото пред да се раздени поради претпазливост се повлекла во планината над селото. Меѓутоа, сосема случајно истиот ден во селото Лактиње дошле турски (османлиски) даночни чиновници (џелепчии), придружени од заптии и башибузоци од мудирницата (турска жандармериска станица) во село Издеглавје, предводени од самиот командант на мурдурницата и од уште еден турски офицер[4]. Целта на турските даночни чиновници била да го попишат добитокот (заради оданочување) во селото Лактиње. При тоа, османлиските власти знаеле дека селаните со цел да прикажат помал број на добиток дел од своите стада ги криеле во планината. Заптиите и башибузоците што ги придружувале даночните чиновници во село Лактиње добиле задача да ја бараат скриената стока. Исполнувајќи ја оваа задача, заптиите и башибузоците започнале да го пребаруваат теренот на планината над Лактиње, и при тоа двајца заптии наишле на трагите и ја откриле четата, зашто веднаш биле известени оманлиските власти во Охрид. Османлиските власти веднаш организирале гонење на четата, при што дошло и до првиот вооружен судир на четата на МРО со органите на османлиската власт во Охридскиот регион. Овој вооружен судир завршил без човечки жртви на обете страни, меѓутоа, тој предизвикал апсења и други репресалии над населението од ова село од страна на османли-

[3] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 78.

[4] Дејан Димитров во своите спомени придружбата на турските даночни чиновници со голем број заптии и башибузоци ја објаснува со причината дека османлиските власти веќе дознале за присуството на вооружената чета на МРО во Охридско, и поради тоа се плашеле даночните чиновници да крстарат низ македонските села како порано. (Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 79).

ските власти. Така, биле затворени во Охрид петмина селани, меѓу кои се наоѓал и еден преоблечен четник. Со подмитување на османлиските власти, затворениците после десет дена проведени во охридскиот затвор биле ослободени[5]. Така, без потешки последици за Охридската организација на МРО завршил овој прв вооружен судир со османлиската власт, во предилинденскиот период во Охридско.

Охридскиот крај често пати бил изложуван на напади, пљачкања, убивања и други видови на терор од страна на албанските пљачкашки банди, кои што доаѓале од внатрешноста на Албанија. Еден таков пљачкашки поход на една голема албанска банда која броела околу 400 луѓе бил изведен на 12 јуни (нов стил 25 јуни) 1902 година, врз селата Лактиње, Годивје и Врбјани во Горна Дебарца[6]. Овој случај покажал, дека, пљачкашките походи на албанските пљачкашки банди против македонското население во некои случаи, како на пример во овој, биле изведувани со знаење и толерирање од страна на османлиската власт,[7] која што не само што не го заштитувала македонското население и не ги гонела правовремено пљачкашките банди, туку со своите постапки ги оневозможувала неговите (на македонското население) акции на самозаштита. Така на пример, при овој напад на албанската пљачкашка банда, која што најпрво го нападнала селото Лактиње, селаните потпомогнати од четата на војводата Смиле Војданов[8] дала отпор. На помош на нападнатите во Лактиње им пристигнала вооружената и организирана од страна на МРО селска милиција од селото Годивје, која удрила в грб на напаѓачите. Во исто време, од планината над село Слатино према местото на судирот тргнала на помош и четата на војводата Никола Петров Русински заедно со вооружената селска милиција од селата Мраморец, Слатино, Сливово, Турие и Арбиново, со намера да ја пресретнат пљачкашката банда, која со богат опљачкан плен (180 глави говеда, 30 коњи, 1500 овци и кози) се повлекувала во правец на Дебар. Меѓутоа, гонењето односно движењето на четите и вооружените селани било попречено односно блокирано од страна на турската

[5] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)... стр. 79.

[6] Никола Петровъ Русински, Революциони борби въ Охридско и Струшко, ракопис во ИНИ, Скопје, сл. IV. 144, стр. 34.

[7] Исто, стр. 35, 40-41.

[8] Во летото 1902 година, по наредба на Охридскиот реонски војвода Никола Петров Русински, дотогаш единствената чета на МРО во Охридско била поделена на четири чети, и секоја од нив била испратена да делува во одделен реон во Охридско. Една чета со 9 четници како војвода ја раководел Дејан Димитров, друга чета со 9 четници била раководена од војводата Тасе Христов, третата чета со 11 четници била раководена од Никола Петров Русински, а четвртата чета што била раководена од војводата Цветан Стојанов била формирана подоцна (Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)... стр. 80; Никола Петровъ Русински, Революциони борби въ Охридско и ... стр. 30).

војска и башибузок, кои што на местото на судирот пристигнале од селата Издеглавје и Песочан.

За ова, војводата Никола Петров Русински во своите спомени пишува: "Застанати едни спроти други, вековни непријатели, ние се гледавме одалеку цели шест часа. Војската и башибузокот не се осмелија да не нападнат, и не отворија оган, туку се вратија назад"[9]. Односно, турската војска и башибузок не отвориле оган, затоа што нивните позиции биле многу понеповолни од позициите на четите и вооружените селани. Со ваквата своја акција, османлиската власт им овозможила на пљачкашите непречено со богатиот опљачкан плен од македонските села да се повлечат во своите бази, бидејќи османлиската власт не презела благовремено никаква акција да ја спречи пљачкашката банда и да и го одземе пленот, и да им го врати на оние на кои им бил одземен. После овој судир, по наредба на војводата Никола Петров Русински, една група селани од постраданите села ги посетила и се пожалила на австроунгарскиот, францускиот и рускиот конзул во Битола. На оваа нивна поплака се одзвал само рускиот конзул, пишува во своите спомени Никола Петров Русински,[10] кој интервенирал кај османлиската власт во Битола, а која што пак по овој повод наскоро испратила еден ескадрон кавалерија и околу 200 војници-пешадија божем да ја гони пљачкашката банда во Охридско и Кичевско, а која во меѓувреме веќе била повлечена во своите дувла во Албанија.

Револуционерите потреби во предилинденскиот период наложувале четите на МРО од Охридскиот регион, на повик на соседните револуционерни реони, да преминуваат на нивните територии и здружени со тамошните сили на Организацијата да учествуваат во заеднички вооружени акции против османлиските власти или за одбрана од напади на вооружени пљачкашки банди, како и за ликвидирање на поедини турски зулумќари или шпиони.

Еден од таквите случаи бил судирот на здружените чети на охридскиот војвода Дејан Димитров и демихисарски војвода Јордан Пиперката, со турската војска кај селото Белица (Кичевско), кој се одиграл кон крајот на септември 1902 година[11]. Повод за овој судир на четите на Организацијата со турската војска било предавството извршено

---

[9] Никола Петровъ Русински, Революциони борби въ Охридско и ... стр. 35.
[10] Исто, стр. 34-35.
[11] Војводата Дејан Димитров во своите Спомени тврди дека оваа борба се одиграла околу 15 септември (нов стил 28 септември) 1902 година (Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)... стр. 85).

од страна на еден турски шпион од селото Белица,[12] кој и ги открил на османлиската власт сите членови на МРО во селото како и нивното вооружување, при што османлиската власт покрај што затворила повеќе селани-членови на Организацијата, таа успеала да заплени и 18 пушки во складовите на Организацијата. Во времето кога била извршена провалата, во близина на селото се наоѓала и здружената чета на војводите Дејан Димитров и Јордан Пиперката, која интервенирала со цел да ги заштити селаните. Така, дошло до судир на здружените чети со турската војска, во кој четите немале загуби, додека на турската страна имало двајца загинати. По овој судир здружените чети се повлекле во Охридско, за да наскоро по стишувањето на состојбите во кичевскиот регион, четата на Јордан Пиперката повторно замине во својот реон (во Кичевско)[13].

И во наредната 1903 година, судирите на четите на МРО со органите на турската власт во Охридско уште повеќе зачестиле. Така, уште во почетокот на 1903 година дошло до голем судир на една од охридските чети на МРО, на таканаречената "езерска" чета, предводена од војводата поп Христо од село Велгожди (кој имал прекар "Страхил"), со турска војска во село Коњско (Охридско). Судирот се одиграл на 17 јануари (нов стил на 30 јануари 1903 година[14]. Повод за овој судир било извршеното предавство, како и непретпазливоста од страна на војводата поп Христо, кој што дури не поставил ни стража околу селото Коњско, иако четата престојувала внатре во селото[15]. Во судирот со турската војска, кој траел околу четири часа загинале војводата

---

[12] МРО во предилинденскиот период преземала ригорозни мерки против народните предавници - шпиони на османлиската власт, и истите ги накажувала со смрт. Во периодот 1902-1903 година (до започнувањето на Илинденското востание), на територијата на Охридскиот револуционерен реон било извршено ликвидирање на повеќе турски шпиони (народни предавници) од страна на четите на Организацијата. Така на пример, во 1902 година биле ликвидирани: една шпионка (по име Божана) од с. Арбиново, два шпиони од с. Брежани, три жени од с. Слатино кои, покрај тоа што се занимавале со шпионска работа, уште живееле и развратнички живот со Турците. Сите овие биле ликвидирани во пролетта 1902 година. Во летото истата година, биле ликвидирани уште двајца шпиони од с. Лактиње (Велјан Василевски и Арсеније Фидановски) (Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)... стр. 81-84).

Охридските чети на МРО учествувале и во ликвидирањето на шпионите на османлиската власт и надвор од својот реон, како што бил на пример случајот со четата на војводата Дејан Димитров, која есента 1902 година заедно со четата на демирхисарски војвода Јордан Пиперката учествувала во ликвидирањето на петмина шпиони во с. Белица (Кичевско) (Борбите въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)... стр. 85-86).

[13] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)... стр. 85.

[14] Исто, стр. 87.

[15] Анастас Митрев, Мемоари, огледи, статии, Скопје, 1974, стр. 229.

поп Христо и двајца четници (Нове од Злести и Глигур воденичарот од Велгожди)[16] а останатите 11 четници успеале да се пробијат низ турскиот обрач, додека на турската страна според спомените на војводата Смиле Војданов имало до 30 мртви[17]. После овој вооружен судир, османлиските власти повеле истрага. Од селата Коњско, Елшани и Велгожди биле затворени 29 селани, а уште 43 селани биле испитувани и измачувани,[18] меѓу кои најголемиот број биле членови на МРО.

Останувајќи без својот војвода и прогонувана од турските потери, Охридската "езерска" чета (на загинатиот војвода поп Христо) се префрлила во Ресенско, каде што по три дена заедно со дел од четата на војводата Славејко Арсов, повторно се судрила со турската војска кај село Избишта, на 20 јануари (нов стил 2 февруари) 1903 година[19]. Во овој судир загинале еден четник од Охридската чета,[20] додека тројца четници биле заробени од турската војска (Христо Илиев од с. Велгожди, Наум од с. Косел и Митре Ѓорески од с. Лешани),[21] кои што биле ослободени со амнестијата[22] што била дадена по повод спроведувањето на таканаречените "падарски" реформи во март 1903 година[23]. После судирот во с. Избишта, остатокот од Охридската "езерска" чета се вратил во Охридско и влегол привремено во состав на четата на војводата Дејан Димитров, за да по извесно време повторно биде формирана чета во Езерскиот дел на Охридскиот револуционерен реон ("езерска чета") на чело со војводата Никола Митрев - Елшанчето[24].

---

[16] Антонъ Кецкаровъ, Четническото движение въ Охридско, Ил. Илинденъ, Софиа, 1936, кн. 2 (72), стр. 11.

[17] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 87-88; Анастас Митрев, Мемоари, огледи..., стр. 229; Христо Андонов-Полјански, Драмата во..., стр.37.

[18] Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, София, 1933, том I, стр. 215.

[19] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год)..., стр. 110; Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби..., стр. 215-216 и 221-222; Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје, 1978, стр. 60-61.

[20] Постои разлика во податоците изнесени во спомените на војдата Никола Митрев и членот на Охридското началство Антон Кецкаров, во врска со загинувањето на четникот Нове од с. Злести. Така, Никола Митрев тврди дека четникот Нове загинал во судирот на "Езерската" чета кај с. Избишта (Ресенско) на 20 јануари (нов стил на 2 февруари) 1903 година (Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 101), додека пак Антон Кецкаров тврди дека Нове загинал при судирот на четата со турската војска кај с. Коњско на 17 јануари (нов стил 30 јануари) 1903 година. (Антонъ Кецкаровъ, Четническото движение въ Охридско, Ил. Илинденъ, София, 1936, кн. 2(72), стр. 11).

[21] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 110; Антонъ Кецкаровъ, Четническото движение въ Охридско, Ил. Илинденъ, София, 1936, кн. 2 (72), стр. 11.

[22] Исто.

[23] Христо Андонов-Полјански, Драмата во..., стр. 38.

[24] Антонъ Кецкаровъ, Четническото движение въ Охридско, Ил. Илинденъ, София, 1936, кн. 2(72), стр. 11.

Еден од најголемите судири во предилинденскиот период на МРО со османлиските власти во Охридскиот револуционерен реон се одиграл на 15 март (нов стил 28 март) 1903 година во селото Арбиново-Охридско, [25] каде се нашла опколена четата на војводата Дејан Димитров, составена од 14 четници. Четата била поткажана на османлиската власт од страна на полјакот (кој бил Турчин) од с. Арбиново, кој дознавајќи за присуството на четата на овој терен на Дебарца ја известил жандармериската станица (мурдурницата) во с. Издеглавје. Османлиската власт веднаш организирала потера, која што броела околу 100 аскери и заптии и уште околу 100 башибузоци, набрзина собрани од турските чифлици во селата Издеглавје, Оздолени, Сошани и Слатински Чифлик, како и од турското село Песочан. Оваа турска потера, ноќта спроти 28 март (нов стил) 1903 година го блокирала с. Арбиново[26]. Утрото на 28 март (нов стил) 1903 година турската потера се обидела на препад да влезе во с. Арбиново и да ја изненади четата на војводата Дејан Димитров, при што дошло до судир. Меѓутоа, куририте на Организацијата кои успеале да се провлечат низ турскиот обрач, ги известиле околните села и другите чети на Организацијата во Охридско па дури и во Кичевско за опколувањето на Дејановата чета во с. Арбиново. При тоа, веднаш била активирана селската вооружена милиција од околните села, која што веднаш тргнала на помош на опсадената чета на војводата Дејан Димитров во с. Арбиново. Така, уште во утринските часови на 28 март 1903 година, на помош на опсадените во с. Арбиново пристигнала селската милиција од с. Лактиње со 20 вооружени селани, од с. Годивје 16, од с. Врбјани 23, од с. Сливово 15, од с. Мраморец 30, од с. Турие 10 и од с. Слатино 50 вооружени селани (селска милиција)[27].

Сите селски милиции веднаш по пристигнувањето ги нападнале Турците, така што тие се нашле во положба на опсадени. Меѓутоа, и на Турците им дошла нова помош од правецот на с. Велмеј, на број од 45 души аскер и околу 200 души башибузок. Во меѓувреме, и на силите на Организацијата им дошла нова помош, од Кичевско[28]. Тоа бил кичевскиот војвода Наќе со својата чета на број од 60 луѓе, од кои што 18 биле негови четници, а останатите биле вооружени селани

---

[25] Борбата въ Костурско (до 1904 год.)..., стр. 88; Н.Петровъ Русински, Моята дейность въ Битолското поле и въ Марихово, Ил. Илинденъ, София, 1938, кн. 9 (99), стр. 11.

[26] Текот на борбата во с. Арбиново го среќаваме во детали опишан во спомените на главниот актер-учесник во овој судир војводата Дејан Димитров (Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 89-92).

[27] Исто, стр. 90.

[28] Исто, стр. 90-91.

(селска милиција) од кичевските села. Тие веднаш стапиле во борбата[29]. Тоа било пресудно кај Турците да настане паника, додека силите на Организацијата тоа го искористиле и тргнале во одлучен јуриш, со извикот "ура". Војводата Дејан Димитров во своите спомени [30] го изнесува податокот дека турските загуби во овој судир биле доста големи и изнесувале околу 40 мртви, додека силите на Организацијата имале 2 мртви и еден лесно ранет[31]. Така, овој најголем судир на силите на Организацијата со османлиската власт во Охридско во предилинденскиот период завршил практично со победа на силите на Организацијата, меѓутоа, последиците кои што ќе произлезат од овој судир ќе бидат многу тешки како за МРО во Охридскиот регион, така и воопшто за народот од овој крај на Македонија. Така, само три дена после судирот кај с. Арбиново, Дебарца била преплавена од нова турска војска на број од 1200 војници, командувани од турски полковник, кој со својот штаб отседнал во с. Издеглавје, од каде раководел со иследувањето по повод Арбинскиот судир.

Тој наредил, прво да дојдат по три претставници од секое село во с. Издеглавје, а потоа по десет претставници од секое село. Меѓутоа, иако биле изложени на тортури селаните не отркиле никакви податоци за учеството на членовите на Организацијата во Арбинскиот судир. Пред насобраните селски преставници од Дебарца, турскиот полковник

[29] На помош на опсадената чета на војводата Дејан Димитров во с. Арбиново тргнала и ревизионата чета на Битолскиот револуционерен округ, раководена од војводата Тома Давидов, која во моментот кога започнал судирот во с. Арбиново се наоѓала во с. Куратица (Охридско), од каде ревизионата чета придружена од четите на војводите Тасе Христов, Никола Митрев, Смиле Војданов и Марко Павлев тргнале во помош на опсадената чета на војводата Дејан Димитров во с. Арбиново. При тоа, на патот за с. Арбиново, во близина на с. Оздолени, се среќаваат со група башибузоци, која што се повлекувале по судирот во с. Арбиново. При тоа, дошло до кратка борба, во која загинал само војводата Тома Давидов. Бидејќи, истовремено овие чети разбрале дека судирот во с. Арбиново веќе завршил, тие го прекинале маршот кон с. Арбиново и се упатиле во Слатинската Планина во месноста "Градиште", каде бил погребен Тома Давидов (За ова види: Христо Настевъ, Тома Давидовъ въ помощъ на обсадената чета въ с. Рбино, Ил. Илинденъ, София, 1933, кн. 9-10 (49-50), стр. 6-10; Христо Настевъ, Ревизионата чета в Битолскиа революционен окръгъ, Ил. Илинденъ, София, 1944, кн. 5-6 (145-146), стр. 26-28 и кн. 3 (143), стр. 11-12; Никола Петровъ Русински, Моята дейность въ Битолското поле и въ Марихово, Ил. Илинденъ, София, 1938, кн. 9 (99), стр. 10-11; Д.Попандовъ, Капитан Тома Давидовъ, Ил. Илинденъ, София 1937, кн. 4(84), стр. 2-3; Антонъ Кецкаровъ, Четническото движение въ Охридско, Ил. Илинденъ, София, 1936, кн. 2(72), стр. 12; Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год), ..., стр. 86-89; Революцио-ната дейностъ въ Демирхисар (Битолско). По спомени на Алексо Стефановъ, София, 1931, стр. 11-12; Хр. Силяновъ, Освободителнитъ борби на Македониа, том I, София, 1933, стр. 137, 221-223; Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје, 1978 стр. 61-62).

[30] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 91.

[31] Кај Христо Силјанов се среќава податокот дека во овој судир четите на Организацијата имале загуби од еден загинат и тројца ранети четници, а додека на турската страна имало 30 загинати (Хр. Силяновъ, Освободителнитъ борби на..., стр. 223).

ветил дека ќе се подобри положбата на населението, дека селските полјаци ќе бидат поставувани од редовите на христијаните[32], и дека нема никој понатаму да го малтретира христијанското население[33]. Меѓутоа, настаните што уследиле понатаму потврдиле дека тоа биле празни ветувања од страна на османлиската власт.

На 22 март (нов стил 4 април) 1903 година повторно голема турска војска придружена и од башибозук навлегла во Дебарца и блокирала 17 села во Горна и Долна Дебарца, вршејќи при тоа иследување и малтретирање (придружено со пљачкање) во врска со Арбинскиот судир. Тогаш 164 селани од Дебарца [34] биле затворени во Битолскиот затвор, а потоа испратени на заточение во Дијар Бекир во Мала Азија[35]. Меѓу испратените селани на заточение се наоѓале и многу членови на Организацијата[36], со што и бил нанесен тежок удар на МРО во Охридско, која што после ова морала да вложи големи напори за да ги заздрави своите редови во Горна и Долна Дебарца. Од друга страна пак, борбата кај село Арбиново покажала дека МРО во Охридско достигнала висок степен на револуционерна организираност и готовност.

Последниот вооружн судир помеѓу четите на МРО во Охридско со османлиските власти во предилинденскиот период се одиграл во месец јули 1903 година, во времето кога се вршеле последните подготовки во Охридскиот револуционерен реон за претстојното Илинденско востание. Тоа биле двата судири, кои во временски интервал од неколку дена се случиле во првата половина на јули 1903 година на теренот помеѓу селата Требеништа и Мешеишта, помеѓу четата на војводата Дејан Димитров и турската војска, која броела околу 400 души аскер и 50 души кавалерија[37]. Меѓутоа, овие два вооружени судири биле без потешки последици за МРО во Охридско.

Вооружените судири на МРО од Охридскиот револуционерен реон со османската власт во предилинденскиот период и овозможиле на Организацијата да стекне значајно борбено искуство, кое корисно и послужило во деновите на Илинденското востание, кое во овој регион било масовно.

---

32 Овој дел од изјавата на турскиот полковник, се однесува на таканаречените "падарски реформи", кој што во овој период се спроведувале во Македонија.

33 Борбите въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 91-92.

34 Исто, стр. 92.

35 Кај Христо Силјанов се среќава податокот дека во врска со "Арбинската афера" биле затворени 318 души, и потоа испратени на заточение во Дијар Бекир, од кои по пат кон заточението умреле 17 затворници. (Освободителнитъ борби на.., стр. 223).

36 Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија.., стр. 61-62.

37 Борбите въ Костурско и Охридско (до 1904 год.)..., стр. 93.